# Иднината е меѓу твоите нозе

Сексуалноста и родот
во алтернативниот
филм и видео
во Југославија



21/23 окт. 2016

# Програма

—

20.00
КИНО ФРОСИНА

13:00
КИНО КУЛТУРА

19:30
КИНО ФРОСИНА

21:00
КИНО ФРОСИНА

18.00
КИНО КУЛТУРА

22:00
КОНЦЕПТ 37

## 21 окт. / петок:

### Должината не е важна

Хрватскиот алтернативен филм 1964-1989

## 22 окт. / сабота:

### Без гордост 2013: Репрезентација на квир идентитетите во источноевропската уметност и култури

Предавање на Саша Кесиќ (Белград)

### Иднината се наоѓа меѓу вашите нозе се до војната, потоа сè уште ќе остане таму...

Селекција од видео делата на Марина Гржиниќ и Аина Шмид

### Непослушни тела: Сексуалноста, родот, класата и утопијата во (екс)Југославија

Дискусија

## 23 окт. / недела:

### Секс, брак и репродукција: Создавањето на идеалната југословенска жена

Предавање на Адела Јушиќ (Босна и Херцеговина)

### DJ сет на Виолета Качакова со проекции на видеа од Borghesia

21 окт. / петок 20:00 Кино Фросина

# Должината не е важна

–

Хрватскиот алтернативен филм 1964-1989

–

Селектор: Жељко Лукетич

**Телото како филм**

Продукцискиот кодекс „Вил Хејс“ остави значителен белег во историјата на американскиот филм. Во Англија беше повлечен неодамна, но во нашиот регион воопшто не пушти корен. Сè беше препуштено на одлуките на телата на самоуправниот социјализам, кои од своја страна беа прилично попустливи во западните републики на поранешна Југославија во поглед на најупорната табу тема – приказот на човековата сексуалност. Отпрвин самите автори беа цензори, додека политиката беше вклучена единствено кога беше вмешана. Слободата на 1980тите години придонесе за појавата на порнографските филмови во кино салите, што повлекуваше – како на пример во случајот со киното Космај (денес Грич) – утринско матине, кино сали полни со ученици кои избегале од часови, или пак војници на отсуство со рацете пикнати длабоко во џебовите. Историчарот Иво Скрабало ги популаризираше хумористичните локални преводи на странските порнографски филмови, додека главната филмска индустрија не отиде подалеку од фотографии во таблоиди на млади разголени актерки во сцени со нивните „најхрабри“ улоги. Сепак, аматерскиот филм, андерграундот и уметничката авангарда – особено онаа со експериментална ориентација – не мируваа.
Ја искористија заштитната покривка што им ја обезбедуваше нивната комерцијална „невидливост“ да ги разгледаат голите,

сензуални тела, нивните односи, оштење и испотени судири. Историјата, се чини, не беше воопшто сентиментална во својата прогресивност. Класичните автори како Анте Бабаја го согледаа примитивниот еротизам во студиите на телата на плажа; Томислав Готовац буквално го прикажа значењето на семејството без неоконзервативни вредности со тоа што сними порнографски филм со неговата партнерка. Во Сплит – тешко да се поверува – беа снимани првите хрватски квир филмови од страна на Дасен Штамбук. Мирослав Микулјан го прикажа студениот геометриски еротизам на бодибилдерите, додека Невен Корда, словеначки автор роден во Пула, ја пронајде врската меѓу повторливоста на сексуалниот чин и работата на подвижната лента. Сите овие репрезентации, некои експлицитни, други сугестивни, повлекуваат линија од телото како сексуална машина до понеодамнешните дела кои истиот тој контекст го разгледуваат како обична панк деструкција (Свен Горјанц – Фабич) или софистициран неопагански ритуал (Желјко Сердаревич и Драган Милеушнич.

Проекцијата е забранета за лица под 18 години.




**Жељко Лукетич** е филмски критичар, роден во Загреб 1972год. Од 1993 пишува и објавува филмски критики и есеи за списанијата Кинотека, Хероина, Хрватски филмски хроники, Холивуд, Филмонаут, Орис и многу други. Од 1998 до 2001 има работено во Хрватската национална телевизија за ТВ емисиите Фатаморгана и Ѕвездена прашина кои претставуваа култни филмски класици. Заменик претседател е на Хрватското друштво на филмски критичари од 2001 до 2003. Од 1995 до 2010 има работено како редовен филмски критичар и уредник на Радио 101 Загреб. Од 2014 е уметнички директор на Денови на хрватскиот филм. Главни области на интерес му се авангардата, европските и независните филмски жанрови.

# Селекција на филмови



## Семеен филм 1

Режисер: Томислав Готовац

Земја: Југославија

Година: 1971 год.

Времетраење: 6 мин.

Жанр: ЦБ, Документарец

Дистрибуција: Хрватски филмски сојуз



## Семеен филм 2

Режисер: Томислав Готовац

Земја: Југославија

Година: 1973 год.

Времетраење: 6 мин.

Жанр: ЦБ, Документарец

Кинематографија: Слободан Сијан

Дистрибуција: Хрватски филмски сојуз

## Дождовно-невина сабота

Режисер: Лордан Зафранович

Земја: Југославија

Година: 1966 год.

Времетраење: 10 мин.

Сценарио, монтажа: Лордан Зафранович

Камера: Андрија Пивчевич

Продукција: Кино клуб Сплит

Улоги: Искра Кузманич, Иво Кларич



## Струење

Режисер: Хрвоје Туркович

Земја: Југославија

Година: 1967 год.

Времетраење: 3 мин

Сценарио: Хрвоје Туркович

Монтажа: Тихомир Смитко

Камера: Роман Вулпе

Продукција и дистрибуција: Киноклуб Загреб, Државен архив на Хрватска

Улоги: Сандра Туркович



## Ин континуо

Режисер: Мирослав Микулјан

Земја: Југославија

Година: 1971 год.

Времетраење: 7 мин.

Жанр: ЦБ Фикција, експериментален

Сценарио: Мирослав Микулјан

Камера/Кинематографија: Срдан Сегарич

Продукција: Киноклуб Загреб

Дистрибуција: Хрватски филмски сојуз



## Еквилибриум

Режисер: Мирослав Микулјан

Земја: Југославија

Година: 1964 год.

Времетраење: 4 мин.

Жанр: ЦБ Документарец

Сценарио: Мирослав Микулјан, Маријан Ходак

Камера/Кинематографија: Владимир Хохолац

Продукција: Киноклуб Загреб

Дистрибуција: Хрватски филмски сојуз

## Адам

Режисер: Дасен Штамбук

Земја: Југославија

Година: 1989 год.

Времетраење: 3:53 мин.

Жанр: Експериментален

Сценарио, монтажа: Дасен Штамбук

Камера/кинематографија: Борис Пољак

Продукција: Кино клуб Сплит

Фотографија: Дасен Штамбук, Петар Фраделич и Здравко Мустач, Кино Клуб, 1987 год.



## Љубовно искуство

Режисер: Дасен Штамбук

Земја: Југославија

Година: 1988 год.

Времетрање: 6 мин.

Жанр: Експериментален

Сценарио, монтажа:
Дасен Штамбук

Камера/кинематографија: Борис Полјак, Здравко Мустач

Продукција: Кино клуб Сплит

## Девојки

Режисер: Јасна Месарич

Земја: Југославија, Хрватска

Година: 1976 год.

Времетрање: 21 мин.

Сценарио: Јасна Месарич

Камера: Данко Шорак

Инсталација: Весна Кребер,

Продукција и дистрибуција:
Државен архив на Хрватска

Улоги: Мира Фурлан, Ксенија Прохаска, Ружица Џамич



## Втор кат, подрум

Режисер: Иван Салај

Земја: Југославија

Година: 1989 год.

Времетрање: 14 мин.

Сценарио: Иван Салај

Камера: Маркан Радељич

Уредник: Зоран Минич

Продукција и дистрибуција:
Државен архив на Хрватска

## Обнова

Автор: Невен Корда

Земја: Југославија

Година: 1983 год.

Времетрање: 5 мин.

Коавторка: Земира Алајбеговиќ

Музика: Борхезија

Продукција: FV Video,
ŠKD – Forum

22 окт. / сабота 13:00 Кино Култура

# Без гордост 2013

–

Репрезентација на квир идентитетите во Источноевропската уметност и култури

Едно од уметничките дела за кои Кесиќ пишува во својата докторска теза насловена „Теорија на репрезентацијата на квир идентитети во современата источноевропска уметност и култура“ беше онлајн интерактивна мапа и интерактивна инсталација од белградската уметница Деана Петрович во 2013 година. Таа во нејзиниот проект се занимава со ситуацијата во Европа во 2013 година и прохибицијата, или неможноста на државите да одржат Парада на гордоста. Намерата беше да се презентира онлајн мапа со сите земји во Европа во кои не е одржана Парада на гордоста во 2013 година. Потоа, во 2014 година, авторката го разви концептот за „онлајн мапа на земји без парада на гордоста“ и создаде интерактивна инсталација „Без парада на гордоста 2013“. Делото им нуди на корисниците да се движат низ анимацијата со чекорење на степер поставен пред проекцијата на ѕидот. Додека чекорат, лик на еднорог се движи низ мапираните локации, на кои се претставени културните симболи на одредени места.

**Саша Кесиќ (1983)** докторирал на Теорија на уметноста и медиуми при Универзитетот за уметности во Белград во 2016. Поминува 9 месеци кај проф. Марина Гржиниќ на студиската програма за пост-концептуални уметнички практики на Academy of Fine Arts во Виена. Во 2015 е награден со Ernst Mach Worldwide стипендијата. Како магистер по музичка педагогија, тој исто така работи и како наставник по музика во Музичката школа “Ватрослав Лисински“ во Белград. Има објавено повеќе текстови од областа на критичката теорија, уметноста и квир теоријата.

22 окт. / сабота 19:30 Кино Фросина

# Иднината се наоѓа меѓу вашите нозе се до војната, потоа сè уште ќе остане таму...

–

Марина Гржинич ги претставува видео делата на Марина Гржинич и Аина Шмид

**Марина Гржинич и Аина Шмид** соработката ја почнуваат во 1980тите години, а првите дела се изработени во рамките на групата позната како „Границите без контрола број 4“. Подоцна одлучуваат да настапуваат под сопствените имиња. Видео делата се изработени во период на бурни времиња кои на површината го изнесоа огромниот потенцијал на истополовата желба, преиспитувањето на историјата и потрагата по други форми на претставување. Во првата половина од 1980тите години, со оглед на пост-панк периодот и излегувањето на геј заедницата во Словенија од плакарот (Фестивал Магнус: Хомосексуалноста и културата во 1984 година, Љубљана), лансирана е супкултурната сцена во Љубљана. Во 1990тите години се одвива периодот на транзиција и Гржинич и Шмид во главно се занимаваат со војната на Балканот.

Соработуваат во повеќе од 40 уметнички видео проекти, а заедно работат на краток 16 мм филм, како и бројни видео и медиумски инсталации; засебно се јавуваат во улога на режисер на неколку видео документарци и телевизиски продукции. Во 1997 година го создадоа интерактивниот ЦД-ром

за ЗКМ, Карлсрухе. Во изминатите три децении на соработка, Гржинич и Шмид ги прикажале и изложиле своите видео дела и видео инсталации на повеќе од 100 видео фестивали ширум светот и се стекнале со неколку врвни награди за нивните видео продукции. Во 2003 година се одржа ретроспективна изложба на нивните дела (1985-2003) на Меѓународниот фестивал за кратки филмови Оберхаусен во Германија. Во 2004 година во Виена е издадена ДВД компилација од нивните дела од 1990тите па се до 2003 година, во рамките на проектот ИНДЕКС. Во 2006 година е издадена книга на словенечки јазик за нивните дела со наслов „Моменти на одлука: Перформативот, политички и технолошки“, уредена од Марина Гржинич и Тања Велагич, издавачко друштво ЗАК, Љубљана. Во 2009 година е издадена книга на англиски јазик за нивните дела со наслов „New-Media Technology, Science, and Politics The Video Art of Marina Gržinić and Aina Šmid“, уредена од Марина Гржинич и Тања Велагич, издадена од Локер Верлаг (Löcker Verlag), Виена.

**Марина Гржинич** (1958 год.) е доктор по философија и работи како истражувач-советник во Институтот по философија во ЗРЦ САЗУ (Scientific and Research Centre of the Slovenian Academy of Science and Art) во Љубљана. Исто така работи како хонорарен медиумски теоретичар, уметнички критичар и куратор. Професор е на Академијата за ликовни уметности во Виена. Има издадено стотина натписи и есеи и неколку книги.

**Аина Шмид** (1957) е професор по историја на уметност и долго време работи како уредник на списание за дизајн во Љубљана. Во моментов работи како хонорарен писател.

## Видео селекција:

**Икони на гламурот,**
**Одеци на смртта**

видео, 1982 година

**Заканата на иднината**

видео, 1983 година

**Синди Шерман или Хистерија продукција ви претставува Реконструкција на фотографиите на Шерман**

видео, 1984 година

**Биолокација**

видео, 1990 година

**Лавиринт**

видео, 1993 година

**Луна 10**

видео,1994 година

**Апатија, СИДА и Антарктик**

видео, 1995 година

22 окт. / сабота 21:00 Кино Фросина

# Непослушни тела: Сексуалноста, родот, класата и утопијата во (екс)Југославија

–

Дискусија

–

Учесници: Гена Теодосиевска (Мкд), Марина Гржиниќ (Словенија), Адела Јушиќ (БиХ), Саша Кесиќ (Србија).

–

Модератор: Славчо Димитров

Во 1975 година, британскиот филмски критичар Џон Расел Тејлор ќе напише дека, чудно распната помеѓу Истокот и Западот, Југославија “е меѓу челниците на сексуалната револуција, барем што се однесува до кинематографијата, бидејќи потполната голотија и значајно експлицитните сексуални сцени претставувале редовна содржина во југословенскиот филм...значително многу пред тоа да се случува во Западот“. Оваа опсервација е само еден од многуте индикатори за комплексната, динамична, и, честопати, контрадикторна позиција на сексуалноста во рамки на социјалистичка Југославија, и нејзината декларативна еманципаторска и модернизирачка идеологија. За разлика од националистички ориентираната историографија на ревизионизам, и нејзиното неправедно хомогенизирање на комплексноста на југословенското наследство под капата на “титоистичкиот

тоталитаризам“, историјата на сексуалноста во Југославија треба да биде промислена одново преку посуптилен, внимателен, и историски сензитивен пристап. Ваквиот пристап би требало да ги земе предвид и нагласено либералните пристапи кон сексуалноста, вклучително со јавно достапните еротски списанија, и критичките гласови од културните и интелектуалните кругови и маргини кои во сексуалноста гледаат извориште за еден нов, социјалистички, хуманизам, како и субкултурните практики на трансгресија и игра со обсцените и комплексни испреплетувања на политиката, моќта, социјалната динамика и желбата, но и истрајноста на патријархалната, хетеронормативна и родово бинарна имагинација за сексуалноста. Слична пристап бара и историскиот наратив за родот во социјалистичка Југославија. Југословенската идеологија на еднаквост и социјална правда претставуваше декларативен принцип кој требаше да ги разреши прашањата поврзани со родовата нееднаквост, особено земјќи го предвид активното учество и придонес на Антифашистичкиот фронт на жените во борбите за ослободување од фашистичкиот окупатор. Сепак, патријархалниот наратив ќе остане длабоко вкоренет во секојдневието на социјалистичкиот живот, оперирајќи, повеќе или помалку, на прикриен начин. “Новата југословенска жена“ ќе се разбуди утрото потоа“ кога “новото политичкот тело ќе покаже сериозни знаци на одново воспоставување на патријархатот“ (Бојана Пејиќ).

Целта на оваа дискусија е да го донесе во преден план културното значење за колективната меморија на различните форми на сексуална и родова имагинација и отпор во културната продукција во рамки на алтернативниот филм, видеото и субкултурните практики во Југославија. Отворајќи ги спецификите на оваа продукција, сакаме да размислуваме и разговараме за можностите што различните критички и еманципаторски имагинации за сексуалноста, родот и телесноста во Југословенската културна продукција од маргините ги отвора за нашето современо обмислување на родовата и квир критика и отпор. Имено, истражувајќи ги утопиите што фемистичките, квир и критичките алтернативни и супкултурни уметнички практики во Југославија ги раздипливуваат, сакаме да го мобилизираме перформативното дејствие на минатотот, а со цел да погледнеме оттаде затворот на нашата сегашност и нашите борби и имагинација за отпор и еднаквост.

23 окт. / недела 18:00 Кино Култура

# Секс, брак и репродукција: Создавањето на идеалната југословенска жена

Во соработка со Андреја Дуганџиќ, а како дел до проектот “Што ни донесе борбата?“ на ЦРВЕНА асоцијација за култура и уметност, Адела Јушиќ работи на истражување кое резултираше со онлајн архива на документи, фотографии, книги и интервјуа за феминистичкото наследство на Антифашистичкиот фронт на жените од Југославија. Истражувањето го анализира учеството на југословенските жени во Втората светска војна и нивниот неоспорен придонес во градењето и обновата на социјалистичката држава. Антифашистичкиот фронт на жените броел околу 2 милиона членки и претставувал најголема женска организација на територијата на екс-Југославија и пошироко. После војната, политичкиот врв го смета женското прашање за решено. Ветувањата што политичките елити им ги даваат на жените во времето на воена мобилизација никогаш не се исполнуваат. Еднаквоста не беше постигната, а процесот на еманципација на жените, којшто беше “премногу брз“, станува директна закана за патријархалните ставови на општеството. Народниот фронт во 1953 одлучува да го укине Антифашистичкиот фронт на жените. Повторно, жените ќе бидат доместицирани, вратени назад во приватната сфера на домот, за да ги исполнуваат своите “природни“ улоги. Ова предавање ќе ги истражи начините на кои женските улоги се менувале, создавале и наметнувале во рамки на периодот од 1941 до 1950.

www.coaltion.org